# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ„АВРАМ ПИСЕВСКИ'' ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА



Август 2021

СОДРЖИНА:

## Вовед

Општи податоци за училиштето ........................................................................................................ 3

Податоци за условите за работа на основното училиште........................................................................ 5

Податоци за вработените и за учениците во основното училиште........................................................ 8

Мисија и визија........................................................................................................................ 16

Реализација на акциските планови ......................................................................................... 17

Програми и организација на работата во основното училиште.............................................................19

Воннаставни активности...................................................................................................................24

Ученичко организирање и учество.......................................................................................................26

Реализирани проекти во основното училиште за учебната 2020/2021 година.........................................26

Подршка на учениците.....................................................................................................................27

Оценување.......................................................................................................................................... 29

Безбедност на училиштето.................................................................................................................. 30

Грижа за здравјето............................................................................................................................ 31

Училишна клима................................................................................................................................33

Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар....................................................... 34

Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште.............................................................. 37

Прилози............................................................................................................................................. 39

СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД I – IX ОДДЕЛЕНИЕ –НА КРАЈ НА УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА.......................................................................................................................115

## Вовед

Основното училиште **„Аврам Писевски“** е централно самостојно основно училиште, лоцирано во село Бардовци, општина Карпош, со опфат на ученици од реонот на населбата Злокуќани, село Бардовци и населбата Момин Поток.

Пристапот до училиштето е овозможен со автобуските линии **21** и **21А**, со постоечкиот градски сообраќаен транспорт.

## 1. Општи податоци за основното училиште

### 1.1 Табела со општи податоци

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | **ООУ„ Аврам Писевски“** |
| Адреса, место, општина | ул.2 бр.10, Општина Карпош, Скопје |
| Телефон | 02/3095949 |
| Факс | 02/3095949 |
| Веб-страница | oouavrampisevski.edu.mk |
| Е-маил | Info@oouavrampisevski.edu.mk; direktor@oouavrampisevski.edu.mk |
| Основано од | Општински комитет за образование,култура и физичка култура |
| Верификација-број на актот | Со решение бр.11-587/1986 година |
| Година на изградба | 1979 година |
| Тип на градба | цврста градба |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 2250 $м^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 7250 $м^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 500 $м^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | сопствено греење на нафта |
| Училиштето работи во смени | една смена |
| Број на паралелки | 15 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Сензорна соба |

1.2 Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| Членови на училиштен одбор (име ипрезиме) | Јасмина Димчевска - Претседател на УО<br>Елена Мазни - претставник од редот на наставниот кадар<br>Зорица Бебекоска-Спиридонов- претставник од редот нанаставниот кадар<br>Кристина Андриќ Стојановска - претставник од редот нанаставниот кадар<br>Милан Иваноски - претставник од Совет на родителиМаријана Младеновска- претставник од Совет на родители<br>Наталија Спирковска -претставник од општина |
| Членови на советот на родители(име и презиме) | Андријана Јаневска - претседател<br>Милан Ивановски - заменик претседател<br>Андријана Јаневска - записничар |
| Стручни активи (видови) | Александра Гавриловска- стручен актив на наставниците ододделенска настава<br>Зорица Бебекоска – Спиридонов - стручен актив на наставниците од природно-математичката група на предмети Наташа Томиќ- стручен актив од јазично-општествената група на предмети<br>Слаѓана Чекичевска - стручен актив од предмети по вештини и уметничко - техничко |
| Одделенски совети (број на наставници) | Одделенски совет на наставници од одделенска настава – 9<br>наставници<br>Одделенски совет на наставници од предметна настава – 14<br>наставници |
| Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме) | м-р Матилда Бајкова-директор<br>м-р Елизабет Солтирова-психологМаријана<br>Грчевска Чадиковска -<br>дефектолог<br>Родител-Абибе<br>Сулејманова<br>-родител Валентина<br>Ангелевска – родител<br>Слободанка Пешевска -одд. наставник<br>Александра Гаврилоска- одд.наставник |
| Заедница на паралелката (број наученици) | 3 ученици по 15 паралелки |
| Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме напретседателот на ученичкиот парламент) | 8 ученици (претседатели на паралелки 7,8 и 9 одд.),<br>Претседател на ученичкиот парламент - Вања Василевска - ученик во 9а одделение |

2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште





2.2 Податоци за училишниот простор

Училишната зграда (од цврста градба) има покриена површина од 2316 $м^2$, каде што се сместени училници, кабинети, фискултурната сала и друг помошен простор за нормално одвивање на наставата. Училишниот двор има површина од 7250 $м^2$, со надворешните спортски терени (500$м^2$) и 5000$m^2$ дворна површина, од која 1700$m^2$ се уредени со зеленило и пристапна патека. Вкупната површина на училиштето (зградата и дворот) е 10 000 $м^2$.

Училиштето се затоплува со сопствен систем за парно греење со користење на нафта.

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | Една |
| Број на подрачни училишта | Нема |
| Бруто површина | 10.000 $м^2$ |
| Нето површина | 2316 $м^2$ |
| Број на спортски терени | 2 |
| Број на катови | 2 ( приземје и кат) |
| Број на училници | 12 |
| Број на помошни простории | 8 |
| Училишна библиотека, медијатека | 1 |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено греење на нафта |

2.3. Простор

| **Просторија** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** |
|---|---|---|
| Училници | 12 | 672$м^2$ |
| Кабинети | 3 | 168$м^2$ |
| Библиотека | 1 | 28,11 $м^2$ |
| Медијатека | 1 | 18,5 $м^2$ |
| Спортска сала | 1 | 560 $м^2$ |
| Канцеларии | 5 | 141,8 $м^2$ |
| Училиштен двор | | 7600$м^2$ |
| Друго | Сензорна соба | 16 $м^2$ |

2.4.Опрема и наставни средства

| Наставен предмет<br><br>(одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства |
|---|---|
| Компјутери **(одд и предметна)** | 18 |
| мали компјутери за наставници одд.настава | 0 |
| Лап топ за наставници | 0 |
| Лап топи за администрација | 5 |
| ЛЦД | 2 |
| ДВД | 1 |
| ДВД/ЦД/МП3 Комбо | 1 |
| Телевизори | 1 |
| ЦД – плеери | 2 |
| Музички систем | 1 |
| Пијано | 1 |
| Принтери | 5 |
| фотокопири | 0 |
| Дигитален фотоапарат | 2 |
| Кабинет по информатика | 1 |
| Микроскоп | 2 |
| Спортска опрема | Јаже за прескок – 30, Шах табла -1, Маса за пинг-понг -1, Отскочна даска -2, Шведски сандак -1, Рипстол сандак - 1, Олимписка греда - 1, Топки – фудбал, ракомет, баскет; чуњеви; греда; кошеви |
| Модели на органи | Труп на човек со внатрешни органи -3,<br>Дел од коски на скелет -1,<br>Модели на срце (1), уво (1),<br>мозок (1), глава (1), кожа (1); торзо |

a. Податоци за училишната библиотека

| Ред.број | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Учебници | 4200 |
| 2. | Лектири | 430 |
| 3. | Стручна литература | 100 |
| 4. | Сериски публикации | / |

## 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

### 3.1 Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Степен на образо-вание | Работно место | Одд. | Фонд на часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Слободанка Пешевска | 1968 | ВСС 7/1 | Оддел. наставник | Ia | 21 |
| 2 | Ана Деспотовска | 1990 | ВСС 7/1 | Оддел. наставник | Iб | 21 |
| 3 | Александра Смилковска | 1978 | ВСС 7/1 | Оддел. наставник | IIa | 21 |
| 4 | Оливера Петрушевска | 1983 | ВСС 7/1 | Оддел. наставник | IIб | 21 |
| 5 | Менка Трајковска (замена за Елка Даскалова) | 1988 | ВСС 7/1 | Оддел. наставник | IIIa | 23 |
| 6 | Наташа Весковски | 1986 | М-р | Оддел. наставник | IIIб | 22 |
| 7 | Кристина Андриќ Стојановска | 1984 | ВСС 7/1 | Оддел. наставник | IVa | 25 |
| 8 | Александра Божиновска | 1986 | ВСС 7/1 | Оддел. наставник | IVб | 25 |
| 9 | Александра Гаврилоска | 1977 | ВСС 7/1 | Оддел. наставник | Va | 22 |
| | | | | Наставник по предмети | | |
| 1 | Александра Илиевска | 1975 | М-р 7/2 | Физика, математика, вештини за живеење | VIIa,VIIIa,VIIIб ,IXa | 20 |
| 2 | Ивана Ристоска | 1985 | ВСС 7/1 | Македонски јазик | VIa,VIб,VIIa, VIII б, IXa | 20 |
| 3 | Слаѓана Чекичевска | 1965 | ВСС 7/1 | Музичко образов,, хор и оркестар, танци и ора, | VI a,VI б,VII a VIIIa и бIXa | 14 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Зорица Бебекоска Спиридонов | 1968 | ВСС 7/1 | Хемија,природ нинауки | VIa,VIб, VIIIa,VIII б,IXa | 11 |
| 5 | Наташа Томшиќ | 1980 | ВСС 7/1 | Англиски јазик | Ia, VIa, VII а,б, VIIIa, IXa,б | 21 |
| 6 | Љубица Манов | 1988 | М-р | Англиски јазик | 1а,2а,б, 3а,б,4а,б,5а | 21 |
| 7 | Зоран Бочваровски | 1958 | ВСС 7/1 | физичко и здравствено обр.;Изборен спорт | VIa,VIб, VIIa,VIIIa, IX а,IX б | 21 |
| 8 | Зоран Пржовски | 1993 | ВСС 7/1 | Историја, граѓанско образование, етика, запознавање со религиите | VIa,VIб,VIIa, VIIIa,VIIIб,I Xa | 20 |
| 9 | Благојче Бошковски | 1988 | ВСС 7/1 | Географија | VIIa,VIIб,VIIIa ,IXa, IXб | 10 |
| 10 | Ана Дионисиева | 1987 | ВСС 7/1 | Информати ка,проекти од информатиката, Техн.обр.; И новации | 6а,6б,7а,5а,9а | 15 |
| 11 | Елена Мазни | 1980 | ВСС 7/1 | математика | 6а,6б,8а | 14 |
| 12 | Благица Атанасовски | 1988 | ВСС 7/1 | Француски јазик | 6а,б; 8а,8б; | 8 |
| 13 | Маја Христовска | 1981 | М-р 7/2 | Биологија, природни науки, унапредување на здравјето | 5а; 7а; 8а,б; 9а | 12 |
| 14 | Хусеин Зекир - I полугодие<br>Асип Селим - II полугодие | 1977<br><br>1986 | ВСС 7/1 | Јазик и култура наромите | 3а,3б; 4а,4б; 5а; 6а,б | 10 |
| 15 | Мимоза Чукиќ - I полугодие<br>Благица Атанасовски- II полугодие | <br><br>1981 | ВСС 7/1 | Француски јазик | 7а, 9а | 4 |
| 16 | Даница Ласкова | 1984 | ВСС 7/1 | Нас по макед јазик | 7а | 4 |
| 17 | Душко Деспотовски | 1983 | ВСС 7/1 | Физичко и здравствено обр. | 1а,1б;2а,2б | 12 |

−Наставници кои дополнуваат во друго училиште

| Р.б. | Име и презиме | Училиште | Предмет | Бр. на часови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Елена Мазни | ООУ„Владо Тасевски„ | Математика, Вештини за живеење | 6 |
| 2. | Слаѓана Чекичевска | ООУ „Вера Циривири- Трена“ и ООУ„Владо Тасевски„ | музичко образование | 7 |
| 3. | Зорица Бебекоска-Спиридонов | „ООУ„Јан Амос Коменски„ и ООУ„Петар Поп Арсов“ | хемија и природни науки | 10 |
| 4. | Ана Дионисиева | ООУ „Братство“ ООУ„ Вера Циривири Трена’’ | Информатика, иновации | 13 |
| 5. | Благојче Бошковски | ООУ„Петар Поп Арсов“ | географија | 6 |
| 6 | Душко Деспотовски | ООУ „Братство“ | Физичко и здравсвено образование | 9 |

−Наставници кои дополнуваат во нашето училиште:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Даница Ласкова | VII-а | ООУ „Лазо Трповски“ |
| 2 | Тони Шулајковски | VI-а, VI-б, VII-а, VIII-а, VIII-б, IX-а | ООУ „П.П.Арсов“ |

3.2. Податоци за раководните лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Ментор/ советник | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Матилда Бајкова | 1970 | м-р по филолошки науки/проф. По македонски јазик и литература | ВСС 7/2 | директор | не | 17 |

3.3.Податоци за вработените стручни соработници

| Ред. Број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Елизабет Солтирова | 1958 | Психолог м-р по дефек-толошки науки | ВСС 7/2 | психолог | 31 |
| 2. | Маријана Грчевска Чадиковска | 1979 | Дефекто-лог | ВСС 7/1 | дефектолог | 12 |
| 3. | Марија Коцевска | 1993 | Проф. по франц. јазик | ВСС 7/1 | библиотекар | 6 месеци |

3.4 Податоци за вработените административни службеници

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Павлина Стојковска | 1965 | Економ ист | ВШС 6/1 | секретар | 25 |
| 2. | Харалампие Манчев | 1962 | Професор по ликовна уметност | ВСС 7/1 | Вработен во Детски Културен центар „ДКЦ Карпош” | 34 |

1.1 Податоци за вработените помошно-технички лица

| Ред. број | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Работно место | Години на стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Емилија Младеновска | 1976 | економист | ССС 4/1 | хигиеничар | 10 |
| 2. | Маја Велковска | 1978 | работник | ОО | хигиеничар | 8 |
| 3. | Душко Божиновски | 1983 | тапетар | ССС 3/1 | хаусмајстор | 11 |
| 4. | Вероника Горобински | 1976 | работник | ССС | хигиеничар | 8 |

1.2 Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред. број | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образо-вание | Години на стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Сенти Салиова | 1987 г. | | ВСС | / | 1.9.2020 -31.8.2021 год. |

3.5.Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | М | ж |
| Број на вработени | 35 | 6 | 28 | | | | | | | 1 | | / | |
| Број на наставен кадар | 25 | 4 | 20 | | | | | | | 1 | | | |
| Број на воспитувачи | / | | | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 3 | | 3 | | | | | | | | | | |
| Администра-тивни работници | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошно-технички кадар | 4 | 1 | 3 | | | | | | | | | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошник директор | / | | | | | | | | | | | | |
| Образовен медијатор | 1 | | | | | | | | | | 1 | | |

3.6 .Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 6 |
| Високо образование | 24 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 1 |

3.8. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 2 |
| 31-40 | 16 |
| 41-50 | 9 |
| 51-60 | 6 |
| 61 - пензија | 2 |

Старосната структура на наставниот кадар во училиштето е променета со нови наставници поради заминување на 3 наставници (1 од одделенска настава и 2 наставници во предметна настава - по македонски јазик и историја) по основ на пензионирање и 1 стручен соработник - библиотекар.

3.9.Податоци за учениците во основното училиште

На почеток на учебната 2020/2021 година вкупниот број на ученици изнесуваше 242, а во тек на учебната година се запишани уште 2 ученици. На крај на учебната година вкупниот број на ученици е 244 од кои во прво одделение беа запишани 29 ученици. На почетокот на септември и октомври се запишаа уште 3 ученици.

| **Одд.** | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Роми** | | **вкупно** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Iа** | 1 | 17 | 4 | 4 | / | / | 4 | 5 | 8 | 9 |
| **Iб** | 1 | 16 | 4 | 4 | / | 1 | 4 | 3 | 8 | 8 |
| **I -вк.** | 2 | 33 | 8 | 8 | / | 1 | 8 | 8 | 16 | 17 |
| **IIа** | 1 | 17 | 3 | 3 | / | / | 6 | 5 | 9 | 8 |
| **IIб** | 1 | 16 | 2 | 2 | 1 | / | 5 | 6 | 8 | 8 |
| **II-вк.** | 2 | 33 | 5 | 5 | 1 | / | 11 | 11 | 17 | 16 |
| **IIIа** | 1 | 17 | 2 | 4 | / | / | 4 | 7 | 6 | 11 |
| **IIIб** | 1 | 15 | 2 | 3 | / | / | 4 | 6 | 6 | 9 |
| **III-вк.** | 2 | 32 | 4 | 7 | / | / | 8 | 13 | 12 | 20 |
| **Вк. I-III** | **6** | **98** | **17** | **20** | **1** | **1** | **27** | **32** | **45** | **53** |
| **IVа** | 1 | 14 | 5 | 4 | / | / | 3 | 2 | 8 | 6 |
| **IVб** | 1 | 16 | 4 | 5 | / | / | 5 | 2 | 9 | 7 |
| **IV-вк.** | 2 | 30 | 9 | 9 | / | / | 8 | 4 | 17 | 13 |
| **Vа** | 1 | 20 | 8 | 4 | / | / | 4 | 4 | 12 | 8 |
| **Вк. IV-V** | 3 | 50 | 17 | 13 | / | / | 12 | 8 | 29 | 21 |
| **I-V** | **9** | **148** | **34** | **33** | **1** | **1** | **39** | **40** | **74** | **74** |
| **VIа** | 1 | 16 | 2 | 5 | / | / | 6 | 3 | 8 | 8 |
| **VIб** | 1 | 16 | 2 | 4 | / | / | 7 | 3 | 9 | 7 |
| **VI** | 2 | 32 | 4 | 9 | / | / | 13 | 5 | 17 | 15 |
| **Вк. IV -VI** | 5 | 82 | 21 | 22 | / | / | 25 | 13 | 46 | 36 |
| **VIIа** | 1 | 20 | 6 | 9 | / | 2 | 3 | / | 8 | 12 |
| **VIIIа** | 1 | 10 | 3 | 3 | / | / | 4 | / | 7 | 3 |
| **VIIIб** | 1 | 13 | 3 | 3 | / | / | 4 | 3 | 7 | 6 |
| **Вк. VIII** | 2 | 23 | 6 | 6 | / | / | 8 | 3 | 14 | 9 |
| **IXа** | 1 | 21 | 8 | 4 | 1 | / | 5 | 3 | 14 | 7 |
| **Вк. VII-IX** | 4 | 64 | 20 | 19 | 1 | 2 | 16 | 6 | 36 | 28 |
| **VI-IX** | **6** | **96** | **24** | **28** | **1** | **2** | **29** | **11** | **53** | **43** |
| **Вк. IV-IX** | **9** | **145** | **41** | **41** | **1** | **2** | **41** | **19** | **82** | **64** |
| **Вк. I - IX** | **15** | **244** | **58** | **61** | **2** | **3** | **68** | **51** | **127** | **117** |

На почетокот на учебната 2020/2021 година, во ООУ "Аврам Писевски" се запишани 242 ученици распоредени во 15 паралелки од кои 128 се од машки пол, а 114 од женски пол. Во второто полугодие се новодојдени 2 ученици (2ж). Училиштето има мултиетнички состав и тоа: 119 (58м /61ж) ученици од македонска етничка припадност, 119 (68м/51ж) ученици од ромска етничка припадност и 5 ученици (3ж/2м) од албанска етничка припадност. Запишувањето на ученици во прво одделение за учебната 2020/21 година е извршено во законски определениот уписен рок во јуни поради пандемијата КОВИД 19, со придржување на мерките за заштита.

На крај на учебната 2020/2021 година вкупниот број на ученици е непроменет, 244 (128м/116ж) од кои 148 (74м/74ж) од прво до петто одделение, а 96 ученици(55м/43) од шесто до деветто одделение.

Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | **Македонски Јазик** | **Албански јазик** | **Турски Јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 15 | / | / | / | / |
| **Број на ученици** | 244 | / | / | / | / |
| **Број на наставници** | 27 | / | / | / | / |

Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето учениците го изучуваат англискиот јазик како задолжителен странски јазик, а францускиот јазик е втор задолжителен јазик.

| | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Број на наставници** |
|---|---|---|---|
| **Прв странски јазик - Англиски јазик** | 15 | 244 | 2 |
| **Втор странски јазик- француски јазик** | 6 | 96 | 2 |

Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

| Име и презиме на тандем наставници по физичко и здравствено образвание | | |
|---|---|---|
| Iа одд.<br>Iб одд. | Слободанка Пешевска<br>Ана Деспотовска | Душко Деспотовски |
| IIа одд.<br>IIб одд | Александра Смилковска<br>Оливера Петрушевска | Душко Деспотовски |

5. Мисија и визија

**МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

Нашето училиште е здрава и пријатна средина која им овозможува на учениците, како главни субјекти на сите активности, да се здобијат со основните знаења, умеења и вештини неопходни за продолжување на образованието и секојдневното функционирање, а наставниците реализираат современа и квалитетна настава со примена на современи наставни методи и техники и континуирано професионално усовршување.

**ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

Нашата визија е обезбедување на еднакви можности на учениците од сите етнички групи и да ги искористат своите капацитети за да стекнат знаења, способности и вештини преку модернизација на наставата, осовременување на наставните средства и усовршување

## 7. Реализација на акциските планови

### 7.1. Подрачја на промени, приоритети и цели

- Во учебната 2020/2021 година, реализирани се следните приоритети:
- подобрување на квалитетот во организацијата на наставата со реализирани обуки за видео презентации, online учење икористење платформи за учење на далечина и нивна примена во реализација на наставата
- Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки и Промовирање на ученички активизам - реализиран Отворен ден на граѓанско образование и вклучување на учениците во решавање на проблеми во локалната средина
- Набавка на наставни средства и помагала за потребите на новите наставни програми за прво и четврто одделение
- Делумно се реализира поактивното вклучување на родителите во реализација на наставните планови и програми поради тоа што комуникацијата се одвиваше на далечина, а околу 50% од родителите немаат пристап до интернет и ИТ уреди.

Од издвоените приоритети за учебната 2020/2021 година, училиштето ги реализираше следните активности поподрачја и приоритети:

### 7.2. Евалуација на акциските планови

| Приоритетни | Критериуми за | инструменти | Индикатори за | Повратна |
|---|---|---|---|---|
| подрачја | успех | | успешност | информација |
| Подобрување на квалитетот во организацијата на наставата (видео презентации, online учење, користење платформи за учење на далечина) | Реализирани обуки ЕДУИНО, Примена на новините во наставата | примена на интервју и прашалници за наставници, посета на часови, | Стекнати и применети знаења од обуките, Подобар успех кај учениците, Зголемен интерес кај учениците за користење на платформи за учење на далечина | Записници од состаноци, посети на часови, Извештаи, Приложени презентации , |
| Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки Промовирање на ученички активизам | Реализиран Отворен ден за граѓанско образование- | Анкети Презентации Дебати Разговори | Зголемен интерес кај учениците за подобрување на животот во училиштето и заедницата | Записници од состаноци, докази, постери, Извештаи, Приложени презентации |
| Набавка на наставни средства и помагала и опремување со асистивна технологија | Изготвена листа на потреби Одредени приоритети и извршен избор за набавка на наставни средства и помагала и асистивна технологија | Анкети, Изготвени прегледи | Во тек е набавка на наставни средства и помагала и асистивна технологија и нивна примена | Собрани понуди од фирми, записници од состаноци, Извештаи, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Учество на родителите во реализација на наставните планови и програми училиштето | Поради пандемијата КОВИД 19 комуникацијата со родителите се одвиваше на Viber, ZOOM Microsoft teams, во зависност од опременоста на родителите | Прашалници, Анкети Разговори работилници | Со вклучување на образовниот медијатор подобрена е комуникацијата со родителите од социјален ризик | Записници од состаноци, Извештаи,<br><br>Приложени презентации, |

8. Програми и организација на работата во основното училиште

**Настава**

Учебната 2020/21 година почна на 1 октомври 2020 година согласно Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2020/21 година (Сл. Весник бр. 193 од 28 јули 2020 год.) и Календарот за изменување на календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2020/21 година (Сл. Весник 209 од 27 август2020 год.), поради пандемијата со КОВИД 19.

Организацијата на наставата се базираше на примена на одлуки и протоколи донесени од Владата на Република Северна Македонија и тоа:

- Одлука за изменување и дополнување на одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на корона вирусот КОВИД 19 (Сл. Весник бр. 208 од 26 август 2020);
- Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство во учебната 2020/21 година (Сл. Весник бр. 208 од 26 август 2020 година);
- Планот за одржување на настава во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година;
- Протокол за постапување на основните училишта во Република Северена Македонија за реализација на воспитно образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година,
- Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на ковид-19 за отпочнување на наставата со физичко присуство
- Препораки за однесување на наставниците и учениците за време на наставата од далечина од 24.11.2020г.

Во текот на месец септември, во подготовките за почеток на наставата се постапуваше и се организираше работата на училиштето согласно горенаведените документи за успешен почеток на учебната 2020/2021 година.

Постапувајќи согласно протоколите во училиштето беше направен план за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците од прво до трето одделение и е извршена анкета со родителите.

Исто така, на почетокот на учебната година родителите на учениците од четврто до деветто одделение беа информирани за одвивање на наставата на далечина, беше спроведена анкета со цел да се утврди колку родители имаат опрема и технички услови за следење на наставата на далечина. изготвени распореди за учениците со физичко присуство и распореди за учениците за настава од далечина, кодекси за однесување на: учениците со физичко присуство, родителите на учениците со физичко присуство, учениците кои следат настава од далечина и нивните родители, наставниците, техничкиот кадар и стручните соработници.

Наставата (задолжителна, изборна, дополнителна, додатна) и воннаставните ученички активности се реализирани согласно Годишната програма за работа на училиштето но со одредени измени, прилагодувања и новини потребни за успешна реализација на наставата на далечина.

Навремено беше изготвен училишен распоред на часови за учениците од прво до трето одделение кои следеа настава со физичко присуство со почеток во 8,00 и училишен распоред за учениците од четврто до деветто одделение кои следат настава на далечина со почеток во 8,30 часот. Во училиштето, во учебната 2020/2021 година, воспитно – образовниот процес се планираше, организираше и се реализираше според наставниот план и скратени наставни програми изготвени од Бирото за развој на образованието.

Наставата на далечина ја следеа вкупно 100 ученици кои имаа пристап до Интернет (од кои 6 од прво до трето одделение по изјаснување на родителите и 94 ученици од четврто до деветто одделение), и ИТ технологија, со паметен уред или мобилен телефон. За учениците кои немаа компјутерска опрема, вкупно 45 ученици и пристап до Интернет или за учениците од социјално ранливите категории, училиштето овозможуваше пристап до наставните содржини со печатени материјали што одговараа на можностите на учениците. Во текот на првото полугодие за 10 ученици кои немаа компјутерска опрема се обезбедени лап топи по пат на донација од на членките на Стопанска Комора за ИКТ – МАСИТ.

**1.Задолжителна настава** -

Во учебната 2020/2021 година се реализирани потребниот број на часови по сите наставни предмети во одделенска и предметна настава предвидени со Наставниот план и програма и Упатството за реализација на скратени наставни програми во основното и средното образование 02-954/1 од 22.9.2020 година.

Наставниот час траеше 30 минути. Сите наставни часови, по правило, се реализараа на МС Тимс, како средство за одржување на онлајн настава преку синхрона комуникација во рамки на Националната платформа за учење на далечина. При реализација на наставата на далечина се почитуваа насоките дадени во Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта за определената учебна година, Упатството за реализација на наставата во учебната година и другите насоки дадени од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука и препораките за однесување на наставниците и учениците за време на наставата од далешчина од 24.11.2020 год.

1.1. Наставата се реализираше според Препораките за однесување на наставниците и учениците за време на наставата од далечина од 24.11.2020г., Упатство за методика на наставата на далечина во основното и средното образование; Упатство за вонnаставни активности од далечина; Упатство за реализација на училишни клубови и секции на далечина во учебната 2020-2021 и Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците, изготвени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

1.2. Изборна настава

Согласно Наставниот план и програма за деветгодишно основно образование и Упатството за начинот на реализација на наставата по изборни предмети во основното образование 02-957/1 од 22.9.2020 година, по извршените родителски средби, информирање на родителите и спроведените анкети по електронски пат, изборната настава е во целост реализирана.

| Одделение | Изборен предмет | Наставник |
|---|---|---|
| Одделение IIIа,б; IVа,б; Vа VIа,б | Јазик и култура на Ромите | Асип Селим |
| IVа<br>IVб | Творештво | Кристина Андриќ Стојановска;<br>Александра Божиновска |
| Vа одделение | Творештво | Александра Гавриловска |
| VIа одд.<br>VIб одд. | Запознавање со религиите | Зоран Пржовски |
| VIIа одделение | Вештини за живеење<br>Проекти од информатиката | Александра Илиевска<br>Ана Дионисиева |
| VIIIа одделение | Танци и ора | Слаѓана Чекичевска |
| VIIIб одделение | Унапредување на здравјето | Маја Христовска |
| IXа одделение | Истражување на родниот крај<br>Изборен спорт | Благојче Бошковски<br>Зоран Бочваровски |

## 8.1. Дополнителна настава

Дополнителната настава се реализираше согласно Упатството за реализација на дополнителната настава Сите наставници од одделенска и предметна настава кои ги реализираат наставните содржини по соодветните наставни предмети, со изготвени посебни програми за дополнителна настава. Дополнителната настава со учениците од второ и трето одделени се одржуваше со физичко присуство, а со учениците од четврто до деветто одделение со закажани часови и работа во мали групи на MTeams. Со учениците кои земаа печатени материјали дополнителна настава се одржуваше индивидуално со физичко присуство по претходен договор со родителот и ученикот. За евиденција на реализација на дополнителната настава наставниците го пополнуваа образецот за реализацијата на дополнителната настава. Реализацијата на дополнителната настава е прикажана во табела во Прилози.

## 8.2. Додатна настава

За учениците што покажуваа посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма и учениците што се пријавуваат за учество на натпревари во училиштето е организирана додатна настава.

Во учебната 2020/2021 година, одделенските и предметните наставници ја реализираа според изготвената годишна програма како и прилагодена на потребите на наставата со учење од далечина, со уредно водење на образецот за реализација на додатната настава, а доказите за напредокот на учениците се чуваат во портфолиото на учениците. Реализацијата на додатната настава е прикажана во табела во Прилози.

## 8.3. Работа со надарени и талентирани ученици

И во услови на пандемија наставниците по ссодветните предмети со талентираните и надарени ученици во нашето училиште се обрнува особено внимание. Наставниците по соодветните предмети работењето со талентираните и надарени ученици го реализираат според програмата за работа за додатна настава.

Во учебната 2020/21 година учениците земаа учество на литературни конкурси и ликовни натпревари, натпревари по природни науки, биологија, англиски јазик и математика кои се организираа на регионално, градско и државно ниво. Постигнатите резултати се прикажани во Прилози.

## 8.4. Работа со ученици со посебни образовни потреби

На учениците со посебни образовни потреби им се обрнува особено внимание во нашето училиште, со оглед на фактот дека станува збор за групи ученици од хетероген состав во однос на психофизичкиот, социјалниот и емоционалниот развиток.

Во учебната 2020/21 година, училишниот инклузивен тим, е комплетиран со стручно лице за поддршка и помош на учениците со посебни потреби - дефектолог Маријана Грчевска Чадиковска Во нашето училиште има 9 ученици со мислење од Заводот за ментално здравје, а 4 ученика со процена на психофизичката состојба, извршена од страна на стручно тело за процена според МКФ, за кои наставниците изработуваат посебни програми за работа. За 3 ученици со ПОП, општината Карпош во соработка со УНДП и УНИЦЕФ, се обезбедени 1 личен и 2 образовни асистенти.

За учениците од ромската етничка припадност, кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, училиштето ангажира образовен медијатор Сенти Салиова. Образовниот медијатор преземаше активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштето, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработуваше со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците и за намалување на напуштањето на воспитно- образовниот процес на ученици.

8.5. Активности на образовниот медијатор

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОБРАЗОВНИОТ МЕДИЈАТОР ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**

| Реализирани активности | Време за реал. | Постигнати резултати | Соработници |
|---|---|---|---|
| 1.Разговори и посети на семејствата за подобрување на информираноста на родителите за значењето на образованието<br>-запишување на првачињата во законски уписен рок<br>-подигање на свеста кај ромското население на локално ниво за значењето на образованието. | август, септември 2020г.мај, јуни 2021 г. | Информирани родители, реализирани месечни посети на семејствата, | директор , психолог, наставници |
| 2.Спроведување редовни средби со вработените во училиштето за редовноста на учениците со физичко присуство како и подобрување на редовност на учениците коиземаат печатени материјали | Во тек на целата учебна година | Информации за ученици кои не посетуваа настава Заеднички состаноци со одделенски раководители, | директор<br>психолог<br>одделенски раководители |
| 3. Реализирани средби со психолог, директор и наставниците за подобрување на постигањата на учениците<br>-Посети на семејствата и -разговори и советувања со родителите | континуирано во текот на учебната година (месечно, а по потреба и неделно) | Подобрување на постигањата на учениците,<br>Подобрена редовност во извршување на училишните обврски | директор, психолог, наставници |
| 4.Преземање активности занамалување на напуштањето на воспитно- образовниот процес на учениците. | во тек на учебната година | Намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на<br>намалување на изостаноците на учениците | директор психолог наставници |

## 9. Воннаставни активности

За развивање на различните интереси на учениците, основното училиште планира и организира воннаставни активности согласно со Концепцијата за воннаставни активности. Учениците во воннаставните активности се вклучуваа доброволно. Во услови на пандемија КОВИД 19 активностите се спроведуваа на далечина со користење на Microsoft Teams со прилагодени програми за реализација на далечина, а за учениците од прво до трето одделение со физичко присуство. Реализираните воннаставни активности се прикажани во табела во прилозите.

### 9.1. Акции

Општествено-хуманитарната работа во училиштето се реализираше според однапред изготвена програма за работа со цел да се развива кај учениците грижа и желба да се помогне на ранливи категории на деца и болни и изнемоштени лица на кои им е потребна помош (традиционална соработка со домот за стари лица „Мајка Тереза“ Злокуќани). Воедно се воведуваат во хуманитарната работа и се подига нивото на сензитивност кај учениците за солидарност и хуманост. Во хуманитарната акција се вклучуваа и родителите организирани од Советот на родители.

### 9.2. Клубови

Во учебната 2020/2021 година во училиштето се активни:

1. Клубот за кодирање

   Во рамките на програмата ,,Училиште на 21 век” обновен е клубот за кодирање. Новите членови на клубот беа запознаени со програмата и работата на клубот . На учениците од клубот им беа доделени микробитови кои ќе ги користат за потребите на клубот . Клубот за кодирање функционира онлајн преку алатката Teams.

   Овој клуб им овозможи на учениците да ги решаваат проблемите на забавен и иновативен начин. Клубот го сочинуваат ученици шесто до деветто одделение.

   Во рамките на клубот и проектот Еразмус +К1 учениците имплементираа дел од своите знаења и вештини стекнати во клубот.

## 10. Ученичко организирање и учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците се организирани на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедницана паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките од седмо до деветто одделение.

Во училиштето учениците се организирани во:

-*Детската организација* под раководство на одговорниот наставник Слободанка Пешевска.

-*Ученичкиот парламент* под раководство на психологот Елизабет Солтирова и наставникотпо граѓанско образование Зоран Пржовски.

Во Годишната програма за 2020/21 година се планирани активности за учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки и активности со кои се промовирање ученички активизам односно да се поттикнат учениците да преземат иницијатива за позитивни промени во средината, да идентификуваат аспекти од нивната средина кои треба да се подобруваат и да се залагаат за подобрување на животот во училиштето и заедницата. Со оглед на новонастанатата ситуација со пандемијата КОВИД 19, во учебната 2020/2021 година сите планирани активности се поместени, а реализирани активности се:

- Учеството на учениците во дебата за правата на детето со изготвени презентации;
- Изработка на презентации за човековите права во светот и кај нас.
- Работилница за детектирање на проблеми во локалната заедница преку формираниот на клуб за ученици по Граѓанско образование.

Активностите се реализирани со користење на ZOOM, националната платформа, Microsoft teams апликацијата. По одржаната работилница со училиштата од втората фаза за ученички активизам и иницијатив со советничката Афродите Давко од Бирото за развој на образованието на 2.02.2021 г. се интензивираа подготовките на Клубот за граѓанско општество со ученици од осмо и деветто одделение и Ученичкиот парламент под раководство на одговорните: наставникот по граѓанско образование Зоран Пржовски и психологот Елизабет Солтирова. Беа реализирани часови со дебати за избор и решавање на локален проблем, презентација за тек на планираната акција на учениците, изготвување на сценарио, а на 10.03.2021 г. се одржа Отворениот ден за граѓанско образование на ZOOM.

14. Реализирани проекти во основното училиште во учебната 2020/21 година:

- Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – интегрираните планирања со избраните точки на акција од 9-те еко стандарди се реализирани во сите паралелки од прво до деветo одделение.Според акцискиот план за еколошки активности се организирани еколошки акции со цел подигање на еколошката свест на ниво на училиште со учениците со физичко присуство.
- Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието.Тимот за училишна интеграција се грижи за спроведување на МИМО активностите на ниво на училиште и со продолжување на соработката и партнерство со основното училиште Лиман Каба – апликација за проектот од МОН за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција.

  Сите наставници во содржините од годишните програми интегрираат содржини за меѓуетничка интеграција (во Прилози).

  Тимот за меѓуетничка интеграција се јави на Јавниот повик за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во основните и средните училишта за учебната 2020/2021 година. Училиштето доби грант од 15.750,00 денари за проект кој се реализираше во партнерство со ООУ „Лиман Каба“ од с. Љуботен, општина Бутел.Се реализираа активности со ученици на теми: Детски права“ и Грижа за менталното здравје во услови на КОВИД 19“. Завршниот заеднички настан се одржа на 28.05.2021 година на ZOOM.
- Проект Училиштето како безбедно место - училиште без насилство –
  одговорниот тим ги идентификува формите и видовите на насилство во училиштето, како и начините за справување со различните форми на насилство со акцент на сајбер насилство.
- Проект за унапредување на мултикултурализмот,

  - Проект „Училишна градина“ – со цел јакнење на свеста за здрава храна, органски производи, чувство на одговорност при одгледување на зачински билки и растенија кои виреат во нашата околина, разни работилници за начинот на садење, одгледување, берење, складирање на зачинските билки како и на зеленчуци кои виреат во нашата средина, подготовка на здрав оброк и сл.
- Проект „Мултикултурализмот и ние„ – во првото полугодие се воспоставени врски помеѓу училиштата и учесниците во проектот Градска библиотека „ Браќа Миладиновци - Другарче„ , Музејот на македонската борба во Скопје, ОШ „Јован Поповиќ“ од Инџија, ОШ „Душан Јерковиќ“ од Рума, ОШ „Лаза Костиќ“ од Нов Белград, ОШ „Краљ Петар Први“ од Ниш сите од Р.Србија кои преку различни тематски проекти овозможуваат споделување на добри практики како и активности за размена на идеите на учениците и наставниот кадар
- Проект Еразмус К1 „Добредојдовте во Е –градината“– во овој Еразмус проект воспоставени се контакти меѓу наставниците и определени се првите активности со кои ги пренесуваат своите вештини за критичко размислување и решавање на проблеми за да им се овозможи

што поквалитетно постигнување на учениците со послаба мотивација за работа и со послаби вештини. Проект координатор е нашето партнерско училиште „Краљ Петар Први“ од Ниш, Р.Србија со кого минатата година потпишавме меморандум за соработка.

- Проект „Музејот пријател на детето„ - со цел учениците од нашето училиште и партнерските училишта ОШ „Јован Поповиќ„општина Инџија,ОШ „Душан Јерковиќ“ општина Рума. Инџија, Р.Србија да се запознаат со важни заеднички историско-културни настани.
- Проект- Отворен ден за Граѓанско образование“- (втора фаза опфатени училишта) – поради пандемијата КОВИД планираните активности се временски поместени со почеток од месец октомври. Изготвен беше нов акциски план според кој се одвиваа активностите во тек на учебната година, а завршниот настан - Отворен ден за граѓанско образование се реализираше на 10.03.2021 година на кој беа присутни претставници од БРО - советничката Афродите Давко, претставници од Општина Карпош, како и од Советот на родителите на училиштето.
- Проект - „Палеографски амбасадори”- по повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик- 21 февруари. Проектот е во соработка со училиштата „Гнојнице”, „Дрежница”, „Адем Бедали”, „Димитар Миладинов”, Економска школа Ниш”, „Павао Белас”, „Доњи Вакуф”, училишта од Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Северна Македонија и Албанија. Целта на проектот е да ги слави мајчините јазици и нивните кодификатори и да го истражува потеклото на јужнословенските јазици и азбуки.

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1.Постигнување на учениците

Вреднувањето на постигањата/напредувањето на учениците при настава од далечина се усогласиено со скратените наставни програми за 159 дена што се реализираа во учебната 2020/2021 година. Исто така, се применуваше и формативното и сумативното оценување, во согласност со различните наставни методи и инструменти за оценување кои се соодветни за настава од далечина, односно расположливите онлајн алатки за оценување на учениците.

Согласно законската регулатива за деветгодишно основно образование, на крајот на учебната 2020/2021 година, учениците од прво до трето одделение се оценети описно, а учениците од четврто до деветто одделение бројчано (сумативно).

Од прво до трето одделение описно се оценети 96, а 2 ученици не се оценети, а бројчано од четврто до деветто одделение се оценети 142. Четири ученици не се оценети. Вкупно на ниво на училиште, преминуваат во наредното одделение 238 ученици, а 4 повторуваат. Еден ученик е упатен на полагање на одделенски испит поради вклучување на настава на почетокот на второ полугодие и го положи со доволен успех. Постигнатиот успех на учениците на крајот на учебната 2020/2021 година е прикажан во статистичкиот преглед и изнесува 3,86 што е многу добар. Детален преглед за бројот на ученици по паралелки, националност и пол, успехот, поведението и изостаноците се прикажани во прилог на извештајот.

Во текот на учебната 2020/2021 година се следеа континуирано постигнувањата на учениците, нивната редовност и поведение како и анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати.

За континуиран успех и примерно поведение во училиштето се пофалени 1 6 ученици

Во учебната 2020/2021 година се направени вкупно 6084 изостаноци од прво до трето одделение со физичко присуство, од кои оправдани се 2451, а неоправдани 3633, од четврто и петто одделение вкупно 1555 од кои оправдани 520, неоправдани 1035. Од шесто до деветто одделение нема евидентирани изостаноци на учениците. На ниво на училиште вкупно изостаноци се 7639, оправдани 2971, неоправдани се 4668. Причина за гоемиот број на неоправдани изостаноци е нередовност на наставата од страна на учениците од ромската популација.

15.2.Професионална ориентација на учениците

Тимот за професионална ориентација составен од психолог Елизабет Солтирова и предметни наставници Елена Мазни и Александра Илиевска реализираа разговори со учениците со цел следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште.

15.3.Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во учебната 2020/2021 година училиштето стави акцент на грижата за зачувување на менталното здравје, превенција од насилство особено сајбер насилството кај учениците со цел да се намалат конфликтите меѓу учениците, да се развива толеранцијата и комуникацијата помеѓу нив. Во услови на пандемија и одвивање на настава на далечина отежната е комуникацијата меѓу учениците, повеќе се ориентирани на комуникација преку социјалните мрежи каде што училиштето нема контрола и увид во случаите на сајбер насилство.
Тимот за превенција од насилство во текот на учебната година креираше постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

16. Оценување

16.1.Видови оценување и календар на оценувањето

При оценувањето на учениците, наставниците се придржуваа до насоките од Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина (02-956/1 од 22.09.2020) и Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку далечинско учење, односно учење од дома (12-4217/1 од 30.03.2020). Наставниците применуваа формативно и сумативно оценување на учениците при реализација на наставата од далечина, исто како и при реализација на наставата со физичко присуство на учениците во училиште.

За учениците кои земаат печатени материјали, во зависност од потребата за консултации и размена на информации, некои од наставниците организираа средби со учениците за непосредно следење, контролирање и вреднување на нивното напредување во учењето.

Наставниците за да го вреднуваат напредувањето и постигањата на учениците, користеа дигитални техники за формативно и сумативно оценување: објективни тестови со избор од понудени одговори; тестови со краток одговор; есејски прашања; дискусии; изведбени активности; онлајн игри; електронско портфолио и др.

Родителите беа вклучени во учењето од далечина и следењето на напредокот на нивните деца. Наставниците ги информираа родителите за очекувањата од учениците, задачите што ќе/ги добиваат, успешноста во нивното изработување, насоките за понатамошната работа. Наставниците особено настојуваа да стапат во контакт и со родителите кои во нормални услови не пројавуваат интерес за учењето на детето.

Врз основа на член 139 став (5) од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/19 и 229/20), министерот за образование и наука има донесено Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост, кој истиот се спроведува и користи од страна на наставниците, при оценување на уцениците со ПОП.

16.2.Тим за следење, анализа и поддршка

Во текот на учебната година тимот за следење, анализа и поддршка на усогласеноста на оценувањето врз основа на направената анализа на состојбата на постигнатите резултати и им дава поддршка на наставниците кои не посетиле обуки за оценување. Во дискусиите и на состаноците кои се одвиваа онлајн се даваше акцент на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки на училиштето согласно Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку учење од далечина (02-956/1 од 22.09.2020) и Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку далечинско учење, односно учење од дома (12-4217/1 од 30.03.2020).

16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во текот на учебната 2020/21 година, директорот изврши непосреден увид кај наставниците со цел следење на наставата од далечина, примена на е-алатки, активностите и вклучување на учениците онлајн.

Реализација на ПЛАН на посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

| Подрачје на следење и вреднување | Временска рамка | Методи, инструменти |
|---|---|---|
| 1.Следење на квалитетот на планирањето на наставата | ноември 2020 | Увиди, консултации |
| 2.Следење на квалитетот на реализацијата на наставата | ноември, декември 2020 февруари, април, мај 2021 | Увиди, консултации |

16.4.Самоевалуација на училиштето

Во училиштето е формирана Комисија за спроведување на самоевалуацијата составена од директорот м-р Матилда Бајкова, психолог м-р Елизабет Солтирова, одделенски наставник Оливера Петрушевска, предметни наставници Зорица Бебекоска Спиридонов и Љубица Манов и родител Андријана Јаневска. Во подготвителната фаза се формирани работни групи, составени од одделенски и предметни наставници, распоредени според областите засамоевалуација.

17. Безбедност во училиштето

Како и секоја учебна година, училиштето се грижи за безбедноста на сите ученици, вработени, родители и посетители како и за училишниот објект. Во училиштето се води континуирана грижа за обезбедување и отстранување на места кои може да придонесат за повреди, направен е план за евакуација. Определени се дежурства на наставниците за време на наставата како и во училишниот двор.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1.Хигиена во училиштето

Во учебната 2020/2021 година, поради состојбата со пандемијата КОВИД 19, во училиштето беше ставен акцент на одржување на хигиената во тоалетите, училниците и училишниот двор, спортската сала и соблекувалните. Редовно се чистеа и дезинфицираа училниците, санитарните јазли и и холовите.
Задолжително се водеше грижа за заштита и превенција од ширење на заразни болести со грижа за редовно миење на рацете, обезбедување на потребни средства за дезинфекција на училниците, училишниот мебел и санитарните јазли.
Заради обезбедување на безбедна училишна средина поради пандемијата со КОВИД 19, училиштето ги превзема сите потребни здравствени заштитни превентивни мерки согласно Протоколот за постапување на основните училишта и тоа: носење заштитни маски, визири, покривки, редовно одржување на физичко растојание, редовно миење на рацете, правилна респираторна хигиена, проветрување на просториите во училиштето, избегнување на допирање на лицето, дезинфекција на раце и обувки, училници, ходници и тоалети и поставување на едукативно информативни материјали за заштита од КОВИД 19.
Училиштето континуирано соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинации согласно со закон. Исто така задолжително се информираат родителите односно старателите на учениците за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите. Училиштето во соработка со надлежни установи се грижи за социјалната заштита, посебно на ученици од ранливи општествени групи.
Училиштето се грижи за сексуалното и репродуктивното здравје на учениците преку обезбедување информации базирани на научни сознанија, човекови права, родова еднаквост и промовирање на почитување на различностите.

### 18.2.Систематски прегледи

Во првото полугодие во соработка со Здравствениот Дом Ѓорче Петров, реализирани се систематски и стоматолошки прегледи за учениците од, второ, петто и седмо одделение.

### 18.3.Вакцинирање

Освен систематските прегледи, здравствената заштита и здравственото образование опфаќа и имунизација и вакцинација. Во првото полугодие вакцинирани се учениците од второ одделение, ученици од трето и четврто кои не примиле вакцина минатата година.

**ЕВИДЕНЦИЈА**
**За СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ВАКЦИНИ**
на учениците во учебната 2020/2021 год.

| **Ред. бр.** | **Дата и време** | **Оддел.** | **Систематски, стоматолошки, вакцинации** |
|---|---|---|---|
| 1. | 21.09.2019;22.09.2019 | 7а | Систематски и стоматолошки преглед |
| 2. | 19-20.10.2020г. | 3а и 3б | Стоматолошки преглед и заливки на заби |
| 3. | 14.10.2020 | 2а и 2б,<br>3 и 4 од. | Вакцина ДТП, ревакцинација на ученици кои не примиле минатата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | 11-12.11.2020 | 2а и 2б | Стоматолошки преглед и залевки на заби |
| 5. | 23.11.2020 | 7а | Вакцина за HPV за девојчиња |
| 6. | 4.12.2020 | 2а,2б, 9а | Дифтерија, тетанус и детска парализа |
| 7. | 11.2 - 12.2.2021 | 6а, 6б | Стоматолошки систематски преглед |
| 8. | 26.2. и 1.3.2021 | 1а,1б | Вакцина МРПВ |

18.4.Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Во рамките на грижата за здравјето на учениците во училиштето се организираат едукативни предавања на часовите на одделенската заедница на кои учениците се запознаат со правилниот начин на исхрана.

## 19 Училишна клима

### 19.1 Дисциплина

Со цел подобрување на училишната дисциплина вклучени се сите субјекти, како и родителите. Навремено се преземаат конкретни мерки: идентификација на ученици кои ја попречуваат дисциплината, советодавни разговори со ученици, родители и наставници. Определени се одговорни наставници со изготвен распоред на дежурни наставници со цел да се одржува дисциплината во училниците, со контрола за време на одморите во ходниците и училишниот двор.

Изработени се кодекси за однесување на учениците со физичко присуство како и на учениците кои следат настава од далечина. Исто така учениците и родителите се информирани за Препораките за однесување на наставниците и учениците за време на наставата од далечина од 24.11.2020 година од Бирото за развој на образованието. Во учебната 2020/2021 година, дисциплината кај учениците од прво до трето одделение задоволуваше, сите ученици со примерно поведение. На наставата од далечина немаше прекршувања на дисциплината на часовите, учениците се придржуваа до насоките за однесување за време на онлајн наставата.

### 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во текот на учебната година во училиштето се водеше грижа за естетско и функционално уредување, наставниците заедно со учениците го уредуваа училишниот простор со цел да се подигне свеста за зачувување и разубавување на околината. Во таа насока во текот на месеците април и мај беше организиран конкурс за наујубаво уред училишен двор и училишно еко катче од страна на Општина Карпош, во кој зема учество и нашето училиште. Наставниците, во соработка со родителите и учениците заедно креираа еко отворена училница и катчиња во училишниот двор од рециклирачки материјали, гуми, дрвени гајби и палети кои ги боеја и кроеја перничиња за надворешната училница како и обновување на постоечкиот сообраќаен полигон пред училиштето.

### 19.3 Етички кодекси

Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу сите субјекти во училиштето. Изработени се Протоколи за *однесување на учениците, наставниците и родителите и сите вработени во услови на КОВИД 19* и *Куќен ред во училиштето,* според кои се регулира однесувањето во училиштето за време на наставата како и вон неа меѓу наставниците, другите вработени, учениците и родителите како и сите останати посетители.

### 19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Се води грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу вработените и учениците. Се води грижа за здравствената заштита на вработените, спречување и ширење на КОВИД 19 согласно Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година, како и Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на ковид-19 ширење и придржување на мерките.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во учебната 2020/21 година, директорот, наставниците и стручните соработници следеа обуки во организација на МОН и БРО - ЕДУИНО ВЕБИНАРИ и тоа:

- Обука на училишни обучувачи за националната платформа за учење на далечина (17-19.9.2020)
- Интерна обука на наставниците во училиштетот за користење на националната платформа за учење на далечина (21-23.9.2020)
- Добри практики за спроведување на онлајн час;
- Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење;
- Практични совети и добри практики во користење на MS Teams;
- Подготовки за тестирање ПИСА 2021
- Формативно и сумативно оценување со MS Teams;
- Поттикнување на учење преку игра и стекнување на социоемоционални вештини кај деца од 3-10години;
- Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта;
- Зајакнување на капацитетите кај професионалците за проблемите и потребите на деца со аутистичен спектар на нарушувања во предучилишни и училишни установи;
- Вовед во онлајн настава - реализација на олнајн часови и насоки за ефективна настава;
- Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина;
- Вовед во Classpoint – Употреба на интерактивни слајд презентации во наставата;

### 20.1 Хоризонтално учење

Во училиштето, во текот на учебната година стручните активи редовно одржуваа состаноци онлајн на кои споделуваа искуства од посетените обуки, од своето професионално искуство, се разгледуваа и дискутираа стручни теми во врска со е-наставата и практични совети и добри практики во користење на MS Teams.

Наставниците во првото полугодие се одзваа на повикот од МОН и учествуваа во подготовка и реализација на часови за учење на далечина на ЕДУИНО платформата како и за ТВ училница на МРТВ.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во услови на пандемија и вонредни околности комуникацијата и соработката со родителите беше многу важна поради обезбедување на информации и повратни информации за постигањата и однесувањето на учениците како и за вклучување на родителите во активностите во училиштето. Условите во кои се одвиваше наставата како и мерките кои се преземаа заради заштита од ширење на вирусот бараа прилагодување и наоѓање на нови начини на комуникација со родителите. Со дел од родителите (од македонската етничка припадност) комуникацијата и соработката се одвиваше со користење на MSTeams, Viber групи и Messenger како и преку електронска пошта за доставување на информации за успехот на учениците и поведението.

Во училиштето беа организирани онлајн средби со родителите, индивидуални средби со физичко присуство или преку Viber /Messenger,Теамс,Zoom, телефон, посета во семејство и известувања по писмен пат.

Во учебната 2020/2021 година се реализирани 7 родителски средби (1.10.2020, 5.10.2020, 27.11.2020, 21.01.2021, 12.04.2021, 10.06.2021, 16.06.2021г.).

Родителите преку Советот на родители се вклучуваа во работата на училиштето со претходно изготвена програма за работа, детектирани се состојбите во училиштето за подобрување на условите за работа, даваат предлози за организација на активности во училиштето и реализација наистите. Работата на Советот на родителите е во прилозите на годишната програма.

21.2.Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Советот на родителите, Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Преку Советот се организираат акции со кои семејствата помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали според нивните материјални можности.

Родителите се вклучени во планирањето на сите активности во училиштето, а на нивните предлози, идеи им се приоѓа со сериозност и уважување. Тие се вклучени во донесување на одлуки, преку советот на родители, ученичкиот парламент, детската организација, советот на паралелка и на ниво на училиште во училишниот одбор.

## 21.3 Едукација на родителите/старателите

Во текот на целата 2020/2021 учебна година за родителите беа организирани информативни средби за користење на НПУД, помош во користење на е-алатките, препораки за зачувување на менталното здравје во услови на пандемија, препознавање на стрес кај децата и сл. Во училиштето се организираат советодавно-консултативни работилници (индивидуални и групни), посети на семејства и др.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Во текот на учебната 2020/2021 година училиштето активно соработуваше со:

- Локалната заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Соработката со локалната самоуправа се одвиваше преку усна, пишана и електронска комуникација, одржани се состаноци на ниво на директори онлајн а по олабавување на мерките од страна на МЗ неколку сотаноци на ниво на директори од општина Карпош се одржаа и со физичко присуство.
Планираните посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, соработка со институции од областа на културата, посета на музеи и др. се одложени заради пандемијата и придржување на препораките за заштита, а соработката се одвиваше каде што е можно онлајн, со учество на литературни и ликовни конкурси.

-Институции од областа на образованието, здравствената заштита и социјална грижа

Во текот на учебната 2020/21 год. училиштето оствари континуирана соработка со МОН, БРО, ДПИ, УСАИД, МЦГО ЕЛС-Сектор за основно образование, секторот за основно образование во општината Карпош, со активот на директори на ниво на општина и др.

Заради грижа за здравјето на учениците и вработените, училиштето соработува со Поликлиниката Ѓорче Петров, Заводот за ментално здравје, со Комисијата за проценка, со други медицински установи според потребите, со МТСП, МВР, со осигурителна компанија и др.

-Невладини организации

Активна е соработката со Црвениот крст, Фондацијата Отворено општество –Македонија, Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор и др.

Заклучок

Учебната 2020/2021 година, периодот на пандемија со КОВИД 19, наметна многу промени во образованието, многу нејаснотии, потреба од новини во изведувањето на наставата, а сето тоа придонесе и промени и дополнување на работата на училиштето во целина. Многу промени беа применети во организацијата на работата на училиштето во услови на пандемија КОВИД 19, преземање на мерките за заштита согласно Календарот за организација и работа на основните училишта воучебната 2020/21 година (Сл. Весник бр. 193 од 28 јули 2020 год.) и Календарот за изменување на календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2020/21 година (Сл. Весник 209 од 27 август 2020 год.), Одлука за изменување и дополнување на одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на корона вирусот КОВИД 19 (Сл. Весник бр. 208 од 26 август 2020) донесен од Владата на Република Северна Македонија, Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно- образовниот процес со физичко присуство во учебната 2020/21 година (Сл. Весник бр. 208 од 26 август 2020 година).

Во текот на целата година од учебната 2020/21, во училиштето се реализирани проекти и значајни активности, настани и промени во воспитно-образовниот процес со цел активно вклучување на сите чинители.

Согласно новонастанатата ситуација со пандемијата на КОВИД-19 како приоритет се постави наставата со далечинско учење, реализација на наставата со физичко присуство на учениците во училиштето, според пропишани правила и протоколи дадени од МЗ и МОН.
Во учебната 2020/2021 година, организацијата на воспитно-образовниот процес беше насоче-
На на:

-одржување на хигиената во училиштето согласно наведените протоколи
-редовност на учениците на наставата со физичко присуство како и редовност на учениците кои земаати враќаат печатени материјали,
- користењето на разни едукативни платформи и апликации кои би се користеле со цел посеопфатно вклучување и на наставниците и на учениците се предизвик во новата годишна програма.
- оценување на постигањата на учениците со учење од далечина, како и следењена учениците кои не се во состојба да следат настава на далечина и изнаоѓање начини за нивна поддршка.
-меѓународна соработка на училиштето во услови на пандемија, реализирање на заеднички проекти и организирање на воннаставни активности со цел ангажирање на учениците и нивно поттикнување за проширување на знаењата, развивање на вештините и меѓусебната соработка.

Датум Потпис на директор:

М.П.

# П Р И Л О З И

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ**

Раководење на воспитно-образовната организација, т.е. раководењето со училиште е сложена и одговорна работа. Улогата на директорот е од големо значење, бидејќи тој е главен двигател во работата и активностите на училиштето.

**ФУНКЦИИ НА ДИРЕКТОРОТ**

За да ја врши успешно својата одговорна работа, директорот на училиштето треба да извршува повеќе функции:

- Планско-програмерска работа;
- Организациски работи;
- Стручно-аналитичка работа;
- Педагошко-инструктивна работа;
- Следење и вреднување на работата;
- Советодавна работа со родителите на учениците;
- Работа со стручните органи во училиштето;
- Нормативна дејност;
- Евалваторска и истражувачка функција;

***Планирањето*** е менаџерска функција со која , врз база на анализа на резултатите остварени во некој изминат период ( степенот на мисијата) се предвидува иднината ( се креира визијата) и се донесуваат одлуки кои треба да се оставруваат.

Директорот со својата позиција и улога, која ја има како водач на работата во училиштето и главен носител во изработките на годишните програми, годишни и полугодишни извештаи, развојните училишни планови . Изработката на Годишната програма за работа на училиштето за 2020/2021 година е суштинска функција на директорот во доменот на планирањата. Планирањето на програмата произлегува и е во согласност со визијата и мисијата на училиштето.

***Организаторската функција*** на директорот се состои во тоа што тој ги определува начините ,методите и постапкита со кои треба да се реализираат зацртаните програми и планови за работа на училиштетоп. Во рамките на оваа функција, особено место има и воспоставувањето на правилно канцелариско работење, како и организирање на сите манифестации, активности и проекти во училиштето.

***Водењето*** пред се се однесува на усклaдувањето на односите меѓу луѓето и создавање на здрава клима и амбиент за работа во училиштето.

***Евалторската функција*** на директорот го опфаќа следењето и вреднувањето на се што е планирано и организирано – контрола врз работењето на соработниците и административно-финансискиот и техничкиот персонал и евалвација, насочена кон работата и постигнувањата на наставниците и учениците во училиштето, со цел да се има повратна информација за степенот на реализација на работењето.

Самоевалвацијата за работата на училиштето ги открива силните и слабите страни, па оттука произлегуваат промените и активнотите во подрачјата на организирање и осовременување на наставата. Направено е планирање со кое се утврдува мисијата и се тежнее кон визијата.

***Педагошко-инструктивната функција*** на директорот е се позначајна во воспитно образовните институции. Директорот со своето искуство и знаење треаба да биде во состојба да спроведува обуки на наставниот кадар, поточно да биде иницијатор и организатор на стручното усовршување на кадарот и воведување во работата на нововработените.

* * *

Директорот треба да е: добар организатор на работата и истата добро да ја познава, да е добар и праведен кон вработените, да се советува со вработените и да го респектира нивното мислење и предлози, самостоен и иницијативен, доследен, не превртлив и да не го менува

постојано своето мислење, секогаш да ја фали добро изработената работа, да се интересира за личните проблеми на вработените, одржува добра работна дисциплина, своето значење даго пренесува на другите, задачите да ги дава јасно и разбирливо, да е дружељубив и ведар, сталожен и стрплив.

Директорот треба да има изразено чувство за битност и ургентност, без кои напредокот на воспитно- образовниот процес и училиштето во целина би бил бавен. Исто така треба да го потхранува ентузијазмот со нови акции, нови напори, нова визија.

***Работа со стручните органи во училиштето –*** Директорот ги планира и одржува Наставничките совети и одделенските совети, учествува во работата на Стручните активи и останатите стручни тела во училиштето.

***Советодавна работа со родителите на учениците***

Советодавната работа на директорот со родителите на учениците е една од работите со која се среќава во текот на целата година, со цел за изнаоѓање на адекватни правилни решенија во интерес на учениците.

***Нормативната дејност*** се огледа во следење, проучување, консултирање за законите, прописите и нормативите и нивната правилна примена.

**НЕПОСРЕДНО СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА**

- Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето;
- Подготвување Програма за развој на училиштето;
- Увид во техничката и другата подготвеност на училиштето за работа;
- Запознавање со општата програмска структура
- Формирање на паралелки, воспитно – образовни групи и распределба на часови;
- Свечен прием на учениците во прво одделение;
- Запознавање со прописите и упатствата за водење педагошка документација;
- Помош во изработката на годишните и тематските распределенија на наставниците;
- Советодавна – консултативна работа со наставниците,родителите,учениците;
- Следење на редовната настава и вонваставните ученички активности;
- Следење на работата на комисиите формирани во училиштето;
- Следење на работата на техничкиот персонал;
- Следење на работата на административниот персонал;
- Ораганизација и учество во одбележување на празници и други настани;
- Организација во работата на сметководството и увид во финансиски-материјалното работење на училиштето.

**АНАЛИТИЧКО СТУДИСКА РАБОТА**

- Анализирање и проучување на сите видови планирања и програмирања на наставниците;
- Изготвување на извештаи ( полугодишни и годишни за постигнувањата во работењето во текот на учебната година);
- Анализа на постигнатите резултати на учениците за прво и второ тримесечие;
- Анализи на работењето и резултати од работата, прегледи и др.
- Проучувања и анализи на карактеристични проблеми во воспитно-образовниот процес.

**ПЕДАГОШКО-ИНСТРУКТИВНА РАБОТА**

- Насоки за планирање на наставата: глобално, тематско,
- процесни планирање;
- Планирање на формите, методите и наставните средства;
- Увид во планирањето на наставата;
- Работа со помладите наставници - организација на наставата, посета на
- Часови;
- Посета на часови од редовната настава, дополнителната настава

- и слободните ученички активности;
- Увид на дневните подготовки на наставниците за час;
- Увид во реализација на наставниот план и програма;
- Увид во работата на стручните органи;
- Увид во работата на часот, планирањата и дневникот за работа на
- наставниците,е-дневникот,психолошката служба,библиотеката и административно -техничкиот кадар

**СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИ**

- Помош при конституирање на работата на ученичките организации, (учество и помош на нивните состаноци);
- Насочување и давање помош во организирање на културно-забавниот живот на учениците;
- Присуство на родителските средби;
- Учество во работата на Советот на родители (На покана од претседателот на Советот на родители);
- Следење на резултатите од индивидуалната и групната советодавна работа ( наставник – родител – ученик );
- Наградување на ученици кои се истакнале на натпревари по одделенија
- предмети и активности, како и прогласување на ученик на генерација;
- Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување;
- Организирање активности за одржување на хигиената во училиштето
- и надвор од него.

**СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ**

- Учество во планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите во работата со Советот на родители на училиштето на барање од претседателот на Советот на родители;
- Планирање и реализација на родителски средби;
- Групни и ндивидуални средби со родители;
- Известување на родителите за работата на училиштето и за измените на правата и обврските на учениците;
- Превземање на проектни активности во кои се вклучени и родителите;
- Редовно информирање и вклучување на родителите во работата на училиштето.

**КОНЦЕПЦИСКО ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ**

- Распределба на активностите на наставниците по предмети, наставни часови, одделенски раководства и стручни активи;
- Соработка и следење на работата на стручните органи и стручните соработници;
- Планирање и програмирање на редовната, изборната, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности и увиди во нивните работи;
- Учество во реализацијата на развојниот план на училиштето стручно усовршување – посета на семинари, симпозиуми и состаноци.

**РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ НА УЧИЛИШТЕТО**

- Учество и планирање на работата на стручните органи ( Одделенски Совети, Стручни активи, Наставнички Совети);
- Подготвување и одржување на работната седница на Наставничкиот Совет;
- Работа на Одделенски совети на кои се разгледува успехот, поведението и редовноста на учениците во двете тримесечијата и полугодието;
- Увид на Дневникот на паралелката;
- Одржување одделенски совети и наставнички совети за утврдување на годишниот успех.

**СЛЕДЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА**

- Запознавање со новите наставни планови и програми, учебници, прирачници;
- Следење и вреднување на наставата;
- Стручно усовршување на наставниот кадар;
- Поттикнување на наставниците за координирана работа и тимска и кооперативна работа;
- Активно следење на реализацијата на програмските задачи на сите стручни органиво училиштето.

**ПЕРМАНЕНТНО, СТРУЧНО ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР**

- Следење и помош при стручното усовршување на наставниот кадар;
- Грижа за збогатување на училишната библиотека со стручна литература;
- Усовршување на методите за работа во наставата;
- Организира менторства за наставници – приправници.

**СЛЕДЕЊЕ НА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО**

- Инвестиционо одржување на училишниот објект и инвентар;
- Увид во работењето на сметководителот;
- Изработка на Годишен финансиски план, План за јавни набавки, месечни извештаи, Годишназавршни сметки на сметководителот.

**СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

- Раководителот на одделението за образование на Општина Карпош;
- Градоначалник на Општина Карпош;
- Совет на Општина Карпош;
- Соработка со основните и средни училишта во општината;
- Соработка со установи од областа на : културата, здравството,безбедноста.

**АКЦИОНЕН ПЛАН – ДИРЕКТОР 2020/2021 година**

| активности | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| УЧИЛИШТЕ | | | | | | | | | | | | |
| *Наставнички совети* | 4.9.2020 28.9.2020 | 7.10.2020 | 10.11.20 20 25.11.20 20 | | 18.1.2021 | x | x | x | x | x | x | x |
| *Одделенски совети* | | | 23.11.20 20 | x | 14.1.2021 | | | x | | x | | |
| *Совет родители* | x | x | X | x | x | x | x | x | x | x | | |
| *Родителски средби* | x | | X | | x | | | x | | x | | |
| *Активи* | x | x | X | x | x | x | x | x | x | | | x |
| *УО* | x | x | X | x | x | x | x | x | | x | x | x |
| *Педагошка евиденција* | x | x | X | | | | x | x | | x | x | |
| *Посета на час* | | x | X | x | Посета на онлај н часови | x | x | x | | | | |
| *Индивидуални* | x | x | X | x | x | x | x | x | x | x | | |
| *Соработка со тимови* | x | x | X | x | x | x | x | x | x | x | | |
| *Јавни настани* | x | x | X | x | | x | x | x | x | | | |
| ЛОКАЛНА | | | | | | | | | | | | |
| *Актив директори* | x | 5.10.2020 | X | x | | | x | | | x | x | x |
| *Со градоначалник* | | | | | | | | | | | | |
| *Совет на општина* | | | | | | | | | | | x | |
| *Активности на Општина Карпош КЦК* | x | x | X | x | x | x | x | x | x | x | | |
| БРО | | | | | | | | | | | | |
| *Соработка со одгов.советник* | | 7.10.2020 | | | | | | | | | | |
| *Увиди* | | | | | 27.1.2021 | | | | | | | |
| МОН | 30.9.2020 | | | | | | | | | | | |
| *Состанок* | | | | | | | | | | | | |
| *Увид ДПИ, Соработка со ДПИ* | | | | | | | | | | | | |
| НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА | | | | | | | | | | | | |
| *Училишта* | | | | | | | | | | | | |
| *Обуки* | | | | | | | | | | | | |
| *Презентации* | | | | | | | | | | | | |
| *Институции* | | | | | | | | | | | | |
| СОРАБОТКА СО УЗ (Бардовци и Злокуќани) | x | x | X | x | x | x | x | x | x | x | x | x |
| МИО | x | x | X | x | | x | x | x | x | | | |

Забелешка: Обуки во континуитет за наставници во вид на вебинари организирани од БРО.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**

Во учебната 2020/2021 година, периодот на пандемија со КОВИД 19, наметна многу промени во образованието, а тоа придонесе и за промени и дополнување на работата на училишните психолози. Работата на психологот е фокусирана на грижата за менталното здравје во актуелната состојба на пандемија на КОВИД 19 на субјектите во образовниот процес – учениците, наставниците, родителите и другите субјекти вклучени во образовниот процес, а вклучува сегменти на превенција, следење, давање оддршка и одредување на облиците и начините на поддршка.

Согласно планирањето на годишната програма, работата на психологот во училиштето се одвиваше според протоколите на работа со јасен фокус на грижа за менталното здравје во специфични услови на работење, односно услови на пандемија. Работата на училишниот психолог опфати комбиниран модел на работа со физичко присуство и со работа од далечина. Во зависност од епидемиолошката состојба, препраките од МОН и специфичниот контекст, областите на делување на училишниот психолог во услови на пандемија беа органзиирани во следниве подрачја:

1. **Работа со ученици** - со цел соодветна поддршка (грижа/советување) за емоционалната состојба и менталното здравје, индивидуални и групни советувања, поддршка и помош во учењето, поддршка и помош на ученици со потешкотии во учењето
2. **Работа со наставници** - психологот остварува континуирана и непречена комуникација со сите наставници со цел размена/споделување на искуства (позитивни и негативни) од работата во тековниот период. Видот и формите на комуникација на психологот со наставниците зависеа од потребите на наставниците, а комуникацијата се одвиваше преку индивидуални или групни средби на психологот со наставниците, со почитување на сите протоколи. Средбите се одвиваа во сите форми: online/конференциска врска преку било која апликација (zoom, Google meet итн.) и/или со физичко присуство.

– Менторство на приправник стручен соработник - библиотекар – од март 2021 година, изготвена програма за работа на менторот и одржани менторски часови еднаш неделно

3. **Работа со родители** - психологот воспоставуваше контакти со родители и старатели на учениците заради водење на консултативни разговори и во зависност од проблемот, по договор со родителите средбите се одвиваа претежно со физичко присуство. Психологот споделуваше презентации, флаери и сл. за влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз менталното здравје.
4. **Поддршка на наставниците, родителите и учениците во услови на пандемија КОВИД 19:** едукативни презентации

– Известување за родителите и учениците за психосоцијална поддршка и Комуникација и работа со родителите и учениците за зачувување на менталното здравје на 27.11.2020г.;
– Управување со стрес – помош на детето при стрес – за наставници и родители – 8.02.2021г.;
– Стрес и методи за справување со стрес – за наставници – 5.02.2021;

5. **Меѓусебна професионалната соработка на психолозите, како и на заштита на нивното ментално здравје**. - редовна комуникација со останатите училишни психолози
6. **Грижа за професионален развој - посетени обуки:**

16.09. 2020 – „Подготовка на училиштето за реализација на ВОП според Планот и протоколот за одржување на настава“;

15.10.2020 – „Добри практики за спроведување на онлајн час“;

28.10.2020 – „Оформување на персонализирани учебни патеки за учениците“

29.10.2020 - „Подготовки за тестирањето ПИСА 2021“

10.11.2020 – „Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта“

23.11.2020 – „Поттикнување на учење преку игра и стекнување на социоемоционални вештини кај деца на возраст од 3-10 години“

2.12.2020 – **„Користење на алатката One Note, совети и добри практики“**

11.12.2020 – „Практични совети и добри практики во користење на Microsoft Teams“

22.12.2020 - „Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams“

2.02.2021 – работилница „Спроведување на вonнаставни активности на далечина“ – БРО – одговорен советник Оливера Трифуновска
23. – 24.3.2021 - Вебинар за запознавање на стручните служби во основните училишта за програмата „Училишта на 21 век“-Британски совет
Македонската асоцијација за применета психологија СИМБОЛИКУМ во соработка со Здружението на млади психолози ТРИНОВА покрена **организирана волонтерска акција за заштита и промоција на менталното здравје** во Република Македонија под мотото „**З**аедно **З**А менталното **З**дравје“. Оваа акција вклучи психолози од различни институции (државни, јавни, приватни), разни здруженија, организации, фирми и да предизвика позитивни социјални промени. Како активен учесник во акцијата **ЗАЕДНО ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ,** психологот учествуваше во изготвување на предлог - протоколите за да се дефинираат полињата и облиците на делување на училишните психолози во основното и средно образование во услови на криза предизвикана од вирусот КОВИД -19.

| Реализирана активност | Цели | Соработници | Време на реализација | Методи и постапки при реализација | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување на Годишна програма за сопствена работа и изработка на план на активности | Дефинирање на активностите Редослед на активностите | директор наставници | VII, VIII, IX | Согледувања од досегашната практика, извештаи за работа | Изготвена програма за работа и изготвен план на активности |
| Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето | Дефинирање на активностите | директор наставници | VII, VIII | Дискусија, Договори со тимовите за изработка | изготвена програма за работа |
| Учество во изработка на протоколи за работа на училиштето и кодекс на однесување | Примена на мерките за заштита од КОВИД 19 И однесување на сите субјекти во услови на пандемија | Директор наставници | VIII, IX, X | Дискусија, Распоред на активности, задолженија | Изготвени протоколи, кодекси на однесување, организација на наставата, извештаи |
| Учество во работата на активите, одделенските совети и наставничкиот совет на училиштето | Навремено информирање, следење на ВОП | директор претседатели на активите, наставници | VIII, IX, X, XI, I, III, IV, VI | Дискусија, договор | изготвена програма за работа, записници, анализи, извештаи |
| Учество во изработката на полугодишен и годишен извештај за сопствената работа и работата на училиштето | Презентирање и проценка на работата на сите субјекти во училиштето и на квалитетот на ВОР | директор претседатели на активите, наставници | I - 2020, VI - 2021 | Обработка на податоци од дискусии, доставување на извештаи, | Изготвен полугодишен и годишен извештај за работата |
| Доставување на табели, чек листи за проценка до општина, ДПИ, МОН | Проценка на работата на сите субјекти во училиштето и на квалитетот на ВОР | Директор | Преку целата учебна година | Обработка на податоци од прашалници, статистички податоци, дискусии, разгледување на извештаи, консултации | Изготвени и доставени документи до соодветни институции |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Помош на тимовите во изработка на програми за работа со ПОП (надарени ученици, ученици со потешкотии во учењето, емоционални проблеми, пор. на однесувањето) | Идентификација на учениците, - определување на активностите, поддршка и следење на постигањата на учениците | директор наставници вотимови | Јули, август | Следење на реализацијата, набљудување на учениците, интервју со наставници и консултации со спец. едукатор, предлози | Изготвени програми за работа со ПОП: , записници, извештаи, |
| Помош во планирање и реализација на воннаставни активности: реализација на проектот Отворен ден за граѓанско образование и ученичките организации | - Дефинирање на активностите<br>- Следење и реализација на активностите<br>- Поддршка на тимовите за МИМО и ЕКО интеграција | директор наставници | Отворен ден за граѓанско образование 10.3.2021г. | Извештаи, часови со ученици, подготовка записници,консултации со наставници, предлози | Изработени програми за работа на: ДО, УЗ, реализирани часови со ученици,<br>изработки од ученици |
| Реализација на Програмата за Професионална ориентација на учениците | -Запознавање и насочување на учениците за избор на идното образование со презентација | директор наставници, одделенски раководители | 07.02. 2021<br>19.03.2021<br>16.04.2021 | Информации, презентација, чек листи за самопроценка, Примена на РИАСЕК тест | Докази, повратна информации за учениците, извештаи, |
| Реализација на Програмата за антикорупциска едукација на учениците | -запознавање на учениците со поимот корупција, видови и начини на спречување на корупцијата | Наставник по граѓанско образование | 14.12.2020г. | | |
| Советодавна работа со родителите на учениците од 8 и 9 одделение за правилен избор на средното образование | Правилно насочување и информирање на родителите за избор на идното образование | Наставници – одделенски раководители на 8а, 8б и 9а | 15.02.2021 | разговори, презентации, видео презентации од средни училишта | Добиени информации и согледување на способностите, интересите и желбите за правилен избор, избор на средно училиште |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Извештаи по класификациони периоди за анализа на успехот и поведението со интерпретација на добиени резултати | Податоци за постигањата на учениците | Наставници, директор | По квалификациски периоди | Анализа на прегледи, споредбена анализа на податоците | Статистичка обработка на податоци, изготвени писмени извештаи и анализи |
| Соработка со локалната самоуправа | Соработка со одделение за образование во ОК, ЗУ Ѓорче Петров; ЦСР; МВР, ЈСП (за превоз на учениците) | Директор, наставници | во текот на годината | Состаноци, навремено доставување на податоци, консултации, заеднички активности | Доставени статистички прегледи по доставените барања, размена на податоци, стручни консултации, писмена комуникација |
| Учество во работата на секцијата на училишни психолози Психовизија, Институт за социолошки истражувања и група | Соработка со психолози од др. училишта, | Директор, наставници | еднаш неделно и месечно | стручни презентации, работилници и дискусии на ZOOM | Присуство на состаноците на **Заедно за ментално здравје**, изработени презентации за зачувување на менталното здравје, изработени прашалници и протоколи за работа на психолозите |
| Водење на професионално досие на наставниците и педагошки картон | Континуирана грижа за личниот професионален развој | Директор, наставници | во текот на целата година | Следење на обуки за користење на е – алатки, подобрување на е-наставата; Ажурирање на податоци во професионалното досие | Континуирана грижа за личниот и професионален развој на наставниците |
| Водење на лично досие | Континуирана грижа за личниот професионален развој | Директор | во текот на целата година | Следење на обуки ЕДУИНО и добиени сертификати | Изработен личен план за развој на психологот, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество и следење на реализацијата на проектите кои се одвиваат во училиштето -координатор на проектот за унапредување на мултикултурализмот | Пружање на стручна помош, насоки и поддршка на тимовите за реализација на проектите Следење на активностите Учество во активности | Директор, наставници во тимовите | Април, мај 2021г. | Дискусии, презентации, часови со учениципредлоги | Проект за унапредување на мултикултурализмот со партнерско училиште „Лиман Каба“ |
| Консултативно-советодавна работа со наставници | Пружање на стручна помош, насоки и поддршка на наставниците за примена на современи методи и форми | Директор, Наставници | во текот на годината | Разговор, презентации, обуки, дискусии за стручна литература | Следење на реализацијата преку посета на часови и е-настава |
| Учество во реализирање на воннаставните ученички активности | Пружање на стручна помош, насоки, поддршка на наставниците и учениците Следење на активностите | Директор, Наставници | Со предвидената динамика на реализација | Дискусии, предлози | Избор на ученици и следење на реализацијата на активностите, докази, извештаи |
| Психо-социјална помош за ученици и родители за стресни состојби | Поддршка на ученици, родители и наставници во состојба на стрес | Наставници, родители | Во текот на годината и по потреба | Разговори, презентации, индивидуални средби, консултации | Записници, извештаи |
| Советодавна работа со родителите на ученици кои имаат несоод.однесување, нередовност и намал. успех - индивидуална и групна | Помош и поддршка на родителите | Директор, Наставници, родители | октомври, декември и мај, јуни | Разговори, посета на семејства, родители и ученици, советување, заклучни согледувања | Реализирани советувања: -5.10.2020; 19.11.2020; 16.04.2021г., 7.05.2021г., 4.06.2021г., 7.06.2021г.- доставување на извештаи до МОН |

м-р Елизабет Солтирова, психолог

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДЕФЕКТОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021ГОДИНА

Работата на дефектологот во училиштето е откривање и следење на напредокот на секој ученик со посебни образовни потреби и потешкотии. Во соработка со наставниците и родителите, ги прилагодува наставните содржини според можностите и способностите на секој ученик поединечно. Дефектологот учествува во давање поддршка на учениците и родителите за совладување на наставното градиво и подобрување на социјализацијата на учениците. За да обезбеди пристап до наставните содржини и поефективно учење, дефектологот користи различни соодветни техники, методи, стратегии, рехабилитациски постапки и соодветна асистивна технологија. Заедно со инклузивниот тим, дефектологот ги следи постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби во учењето, согласно со индивидуално поставените цели во индивидуалниот образовен план и учествува во креирањето на инклузивната култура, политика и практика во училиштето.

Областите во кои делува дефектологот во училиштето Маријана Грчевска Чадиковска при услови на пандемија, се организирани во неколку подрачја:

1.Поддршка на наставниците – советување и разговор за проблемите кои ги имаат во наствата со деца со ПОП
2.Опсервација во училница и надвор од неа
3.Индивидуално планирање
4. Разговори со родители – советување и давање препораки
5.Работа со учениците (индивидуално или во училница)
6.Грижа за професионален развој – посетени обуки:

- 10.11.2020 – „Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта“
- 23.11.2020 – „Поттикнување на учење преку игра и стекнување на социоемоционални вештини кај деца на возраст од 3-10 години“
- 29.11.2020 – “Работилница за подобрување на знаењата и вештините за рано откривање и рана интервенција кај деца со попреченост”
- 11.12.2020 – „Практични совети и добри практики во користење на Microsoft Teams“
- 03.12.2020 – “Поттикнување на комуникативните и социјалните вештини кај децата со аутизам”
- 19.12.2020 – “Сензомоторен развој и интеграција на рефлекси”
- 11.01 и 12.01. 2021 – Зајакнување на капацитетите кај професионалците за проблемите и потребите на деца со аутистичен спектар на нарушувања во предучилишните и училишни установи”
- 26.01.2021 – “Методика и педагогија на квалитетната настава на далечина”
- 13.02.2021 – “Дислексијата во училницата – стратегии и алатки”
- 20.02.2021 – “Дискалулија од лабораторија до училница”
- 10.04.2021 – “ Како до инклузивно училиште за деца со аутистичен апектар на

нарушување”

- 15.05.2021 – “ Инклузивно образование за учениците со интелектуална попреченост”
- 22.06.2021 – “Карактеристики на деца со оштетен вид”

Изработил
Дефектолог,
Маријана Грчевска Чадиковска

| ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДЕФЕКТОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Содржина на работа | Реализатор | Време на реализација | Методи и постапки за реализација | Постигнати резултати |
| Учество во изготвување на програмата за работа на училиштето, како и во изготвување на други програми | дефектолог, психолог, директор,наставници | Јуни, Август | анализа, консултација, предлог | изработена програма за работа и план за работа |
| Изработка на Годишна програма за работа на дефектолог | дефектолог | Јуни, Август | анализа, консултација, предлог | изработена програма за работа на дефектолог |
| Подготовки на одделението за прифаќање на учениците со ПОП | дефектолог, наставник, психолог | Септември | анализа, дискусија, консултација, предлог | поефективна инклузија во училиштето и поддршка на наставниците и учениците, создавање практични услови за целосно вклучување на УПОП во секојдневното функционирање на паралелката |
| Изработка на дефектолошко досие за секој ученик со ПОП | дефектолог, психолог,ЗМЗ, МКФ | цела учебна година | анализа, прашалник, консултација, предлог | евидентирање и следење на напредекот, постигнувањата и потешкотиите на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Опсервација на деца со ПОП | дефектолог, наставник | Септември | анализа, прашалник, консултација, предлог | запознавање со потребите и можностите на новите ученици |
| Дефектолошка Дијагностика | дефектолог, психолог | Септември | разговор, прашалник, консултација | проценка на индивидуалните потенцијали на учениците |
| Проценка на психо - физички развој | дефектолог, психолог | Октомври | разговор, прашалник, консултација | подобрување на нивните психомоторни способности |
| Работа со децата според образовниот план и според ИОП | дефектолог, наставник, | цела учебна година | анализа, прашалник, разговор, предлог | соодветно прилагодена образовна програма, согласно моменталните потреби и можности на ученикот |
| Работа со деца кои манифестираат асоцијално однесување | дефектолог, психолог, наставник | цела учебна година | анализа, прашалник, разговор, предлог | размена на информации и искуства за надминување на проблемите и предизвиците |
| Следење на напредокот на учениците и оставраување на целите кои се предвидени | дефектолог, психолог, наставник | цела учебна година | анализа, прашалник, разговор, предлог | ревизија на индивидуалната образовна програма |
| Соработка со стручниот тим во училиштето | Инклузивен тим | цела учебна година | дискусија, консултација, предлог | размена на информации и искуства за надминување на предизвиците и унапредување на инклузивната клима во училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Инструктивно-советодавна работа со наставници во работата со учениците со ПОП | дефектолог, наставник, психолог | цела учебна година | дискусија, консултација, предлог | наставниците ке бидат запознаени со специфичните методи за работа со ученици со посебни образовни потреби и ке им биде понудена стручна литература од областа |
| Консултативни-советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик-ученик, ученик-наставник, родител-наставник | директор, психолог, дефектолог, наставник, родител/старате л | цела учебна година | разговор, консултација, предлог | наставниците ке бидат запознаени со специфичните методи за работа со ученици со посебни образовни потреби и ке им биде понудена стручна литература од областа |
| Инструктивно-советодавна работа со родителите | Инклузивен тим | цела учебна година | дискусија, консултација, предлог | редовно информирање на родителите за напредокот на нивните деца |
| Запознавање на родителите со ИОП | Инклузивен тим | цела учебна година | предлог, разговор, анализа | согласност од родителот за работа со ИОП и редовно информирање за напредокот на учениците |
| Вклучување на родителите во наставните активности и известување за | Инклузивен тим | цела учебна година | анализа, прашалник, консултација, предлог | родителите се информирани за стручните лица и сервиси за поддршка во заедницата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| целите, напредокот и постигнувањата | | | | |
| Подигање на свестта за разбирање, толеранција, емпатија кон лицата со ПОП и нивно вклучување во воннаставни активности | дефектолог, наставник, психолог, директор | цела учебна година | конусултација, размена на искуства и информација, | активно учество во многу семинари, обуки, презентации, работилници |
| Соработка со ОУРЦ "Златан Сремец" - Скопје | Инклузивен тим | цело второ полугодие | информација, консултација, договор, акциски план,прашалник, анализа | доставени барања за доделување асистенти (лични и образовни) за учениците со ПОП во учебната год 21/22год |
| | | | | |
| | | | | **Изработил** |
| | | | | **Дефектолог, Маријана Грчевска Чадиковска** |

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**

